Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 22-09-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 43- | 6026/1 | | |

ЕПИ
European Policy Institute, Skopje • Институт за европска политика - Скопје • Instituti për politikë evropiane - Shkup

# Предлог политики
# Институт за европска политика

**Име на организацијата:** *Институт за европска политика,*

**Адреса на организацијата:** *Антоние Грубишиќ 2/2, 1000 Скопје, Република МАкедонија*

**Авторите на документот или предлогот: Институт за европска политика**

## 1. Профил на организација и пристап

Институтот за Европска политика внимателно ја разгледа програмата на Владата како и стратешките приоритети и приоритетни цели за кои се однесуваат на наредниот период. Оттаму, во понатамошниот текст даваме предлози за политики кои се однесуваат на конкретни законски одредби и кои се во служба на остварување на целите и стратешките определби на Владата – меѓудругото влез во НАТО и Европската Унија, што подразбира и усогласување на домашните политики, практики и законски одредби со меѓународните стандарди.

ЕПИ работи низ четири програми: 1. Следење и застапување на пристапот во ЕУ, 2. Демократија и владеењето на правото, 3. *Acquis на ЕУ* и секторски политики и 4. Следење на ИПА. Имплементирајќи проекти во однос на различните аспекти на агендата на ЕУ, ЕПИ е признаена од засегнатите страни како центар на експертиза за пристапот во ЕУ. Портфолиото и партнерствата на ЕПИ пополнија јаз во овие области во Македонија а и во регионални рамки. На регионално ниво, ЕПИ успеа да ја реализира својата експертиза преку вмрежување (регионална мрежа на парламентарни комисии за прашања поврзани со ЕУ, Think for Europe Network - TEN[1], WB6 Advocacy Group[2]), во областа на ИПА фондовите, како и јавната политика и реформата на јавната администрација .

Поконкретно, ЕПИ има ефективно влијание на теренот во областа на Поглавјето 23 од законодавството на ЕУ преку мрежата што ја воспостави - Мрежата 23. Мрежата 23 +[3], како продолжение на проектот, ефикасно го зајакнуваше влијанието на граѓанското општество во земјата преку нивно активно вклучување во политиките поврзани со јавната политика и acquis на ЕУ. ЕПИ исто така има големо влијание во областа на човековите права - во еден од проектите што ЕПИ во моментов го спроведува се фокусираме на ромските повратници баратели на азил. Што се однесува до следењето на реформите во судството и јавната администрација ЕПИ веќе објави мислења за стратегијата за РЈА[4] како и за реформите во правосудството[5]. Во однос на процесот на дисеминација и споделување на најдобрите практики на регионално ниво, можеме да додадеме дека ЕПИ е исто така е член на TEN (Think for Europe Network), која е регионална мрежа на организации на тинк-тенк организации, која беше формирана поради слабата

[1] http://ten.europeanpolicy.org/
[2] http://wb6.info/
[3] http://epi.org.mk/projects_mk.php?prog_id=19
[4] http://epi.org.mk/docs/EPI_Mislenje_SRJA_2017.pdf
[5] http://epi.org.mk/docs/EPI_StrategijaPravosudstvo_public.pdf

регионална соработка во процесот на истражување на политиките поврзани со ЕУ. ЕПИ, исто така, воспостави регионална мрежа на организации од Западниот Балкан (ВЕБЕР[6]) кои работат во областа на РЈА (Реформа на јавната администрација). Целокупната цел на ВЕБЕР е да ја зголеми релевантноста, учеството и капацитетот на организациите на граѓанското општество и медиумите на Западен Балкан да се залагаат и да влијаат на дизајнот и спроведувањето на реформата на јавната администрација, меѓудругото и преку зајакнување на локалните невладини актери за зајакнување на партиципативната демократија на национално и локално ниво.

Следејќи ја структурата на програмата на Владата 2017- 2020, предлозите се однесуваат на следните сектори и области:

- Социјална заштита
- Градиме едно општество за сите
- Пристап до правдата
- Институции во служба на граѓаните - Јавна администрација како сервис

Сите предлози во понатамошниот текст се базираат на веќе спроведени анализи и истражувања од страна на Институтот за европска политика во рамки на успешно спроведени проекти.

## 2. Социјална заштита

### 2.1. Препораки за "функционална мрежа на институции за социјална заштита"

Во програмата на Владата се наведува дека "ќе се воспостави **функционална мрежа на институции за социјална заштита блиски до граѓаните и соодветни на нивните потреби**, при што дел од надлежноста ќе се префрли на локалната самоуправа која е поблиска до нив и побрзо се прилагодува на потребите. Мрежата ќе опфаќа социјални услуги за поддршка и палијативна грижа за стари лица, центри за нега, грижа и вклученост, центри за лица со попреченост, заедници за домување на лица со попреченост над 26 години, услуги за заштита од родово базирано насилство и услуги за заштита на други групи на граѓани кои имаат потреба, а кои се во некој социјален ризик."

***Препораки на ЕПИ на база на спроведени истражувања[7]:***

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

- Да го предводи процесот на изработка на анализата и процесот на ревидирање на законската и рамката за применети политики. Во рамки на ова, потребно е:
- Зголемување на паричниот надоместок за туѓа нега.
- Ревидирање на документите кои се потребни за остварување на ова право, како и да се врати товарот за плаќањето на истите на државата.

[6] http://epi.org.mk/projects_mk.php?prog_id=22
[7]Во поглед на воспоставувањето на функционална мрежа на институции за социјална заштита како и нивно зајакнување, на база на еден од спроведените проекти на ЕПИ: Нега за Негувател(к)ите: Анализа на политиките за неформална нега во Македонија и Босна и Херцеговина, истражувачите по спроведените анализи дојдоа до препораките и заклучоците кои можат да се погледант на следниот линк: http://epi.org.mk/projects_mk.php?prog_id=28